Врз основа на член 102 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 85/03 и 40/04), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, по претходна согласност на Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 ноември 2004 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за вршење на надлежностите за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 2

Висината на надоместокот се пресметува по стапка од 0,6% од придонесите на секој пензиски фонд со кој управува Друштвото за управување со пензиски фондови.

Износот на надоместокот што се наплатува за секој пензиски фонд е еднаков за сите пензиски фондови.

Член 3

Надоместокот се утврдува како процент од придонесите на секој пензиски фонд, а паѓа на товар на Друштвата за управување со пензиските фондови.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на РМ", а ќе се применува со почетокот на распределбата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување во приватните пензиски фондови.

Претседател
на Управен одбор,
**Ленка Балаловска**, с.р.